Република Северна Македонија

**Министерство за труд**
**и социјална политика**

Интер ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите

# З А П И С Н И К

од седмата, осмата , деветата, десетата, единаестта дванаестта и тринаестта седница на Интер ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите

Февруари 2020 година
Скопје


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за труд и социјална политика**

# ЗАПИСНИК

од Седмата седница на Интер ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите одржана на 30.05.2019 година

Седницата започна во 13:00 часот.

Со седницата претседаваше координаторката на Интер ресорска група, Јована Тренчевска .

На седницата присуствуваа: Даниела Јованова – член од МТСП, Славица Михајловска - член од МЗШВ, Фатмире Хоџа- член од МЕ, Драгана Кириќ – Трпоски – член од МВР, Кети Велков – член од МФ, Сузана Никодијевиќ Филиповска – ГС, Ирена Николов – член од ЗЕЛС, Елизабета Гелевска-член ССМ, Даниела Димитриевска- МЖЛ, Даниела Јаневска – Конфедерација на слободни синдикати на Македонија.

На седницата отсуствуваа: Нермина Факовиќ, Марија Теговска, Киро Цветков, Виолета Куновска, Садате Рамадани –Мора, Марина Узунов, Драгана Дрндаровска, Марија Савовска, Јорданка Богатиновска, Мирјана Најчевска, Дивна Змејковска, Дијана Стојановиќ, Неда Малеска и Силвија Митевска.

*

* *

На почетокот на седницата се установи дека има кворум за работа и ИРГ може полноправно да работи. Интер ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите го утврди следниов:

## ДНЕВЕН РЕД

-Усвојување на записникот од Шестата седница


Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

1. Информација за работата на Интер ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите за 2018 година;
2. Разгледување на Предлог - Годишен Извештај за преземените активности и постигнатиот напредок за воспоставување еднакви можности на жените и мажите во Република Северна Македонија за 2018 година со препораки за 2020 година;
3. Разгледување на Предлог - Годишен извештај за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост за 2018 година;
4. Разно

Записникот од 6-тата седница на ИРГ едногласно е усвоен.

По одделните точки од Дневниот ред, Интер ресорската група ги донесе следните заклучоци:

Точка 1

Во однос на првата точка Координаторката на ИРГ отвори дискусија за Предлог – Информација за работата на Интер ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите за 2018 година.

По однос на оваа точка за дискусија збор зема Сузана Никодијевиќ Филиповска која даде предлог Информацијата да се изработи по примерот на извештаите на Генерален секртаријат при што се заклучи:

1. Да се изработи нова врезија на Информацијата за работата на Интер ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите за 2018 година која ќе содржи: Надлежности и состав на Интер ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите, одржани седници и разгледани материјали од страна на Интер ресорска советодавна и консултативна група за еднакви можности на жените и мажите, активности на Интер


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите,како и прилог за редовност на членовите на Интер ресорска група.

2. Драфт верзијата на Информацијата за работата на Интер ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите за 2018 година да се достави на членовите за коментари и мислење.
3. Информацијата да се достави до Влада во предвидениот рок.

Точка 3 и 4

По однос на овие точки се разви дискусија од членовите на Интересорска група за тоа дека во Годишен Извештај за преземените активности и постигнатиот напредок за воспоставување еднакви можности на жените и мажите и Годишен извештај за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост треба да се информира за постигнатите резултати и споредбено со претходната година.
За дискусија се јавија: Славица Михајловска, Даниела Димитриевска, Сузана Никодиевиќ Филиповска, Јована Тренчевска, Кети Велкова и Драгана Дрдаревска.
Членовите на ИРГ по однос на овие точки донесоа заклучок:
Годишен Извештај за преземените активности и постигнатиот напредок за воспоставување еднакви можности на жените и мажите и Годишен извештај за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост треба да се заснова на постигнати резултати и да се надополни со податоци споредено со предходната година.

На **26.07.2019 година** се одржа **деветтата** седница на Интер ресорска група. Итното свикување за одрување на оваа седница беше случувањата со насилството врз жените, настан кој се случи со претепувањето на жента на раскрсница.

Интер ресорската група преку соопштение до јавноста ги осуди сите форми на насилство врз жените и девојчињата ги повика надлежните органи, медиуми и јавност да се залагаат секој вид на насилство врз жените да биде неприфатливо и осудено и да се третира како сериозен општествен проблем.


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

На 04.09. 2019 Интер ресорска група ја одржа **десетата** седница ( електронска) како реакција на сексистички напади и навреди на социјалните мрежи и одредени портали врз министерката Нина Ангеловска. Преку соопштение до јавноста и медиумите членовите на Интер ресорска група изразија загриженост за сексизамот насочен кон министерката за финансии Нина Ангеловска, изразен во медиумите, социјалните мрежи и јавноста.

**На 06.09.2019** Интер ресорска група ја одржа **единаестата** седница на која покрај членовите на интер ресорската група присуствуваа претставничка од кабинетот на министерот за образование и наука и директорката на Педагошката служба и преставничка на Бирото за развој на образование. На овој состанок се разговараше за стереотипите и предрсудите кои постојат во учебниците, а на кои неколку години реагираа граѓанските организации и родителите на децата кои учат од овие учебници. На седницата произлегоа следниве заклучоци:

1. Сите присутни се согласија дека неопходно е да се направи сеопфатна ревизија на учебниците, наставните планови и програми од аспект на родовата еднаквост и недискриминацијата
2. Сите присутни се согласија дека е неопходно да се обезбеди системски пристап кон ревидирањето на учебниците, наставните планови и програми од аспект на родовата еднаквост и недискриминацијата
3. Интер ресорската група да ги собере сите достапни анализи (СЕМ, граѓански сектор-Маргини) и врз основа на истите да достави допис до МОН, Предагошката служба и БРО за детектираните стереотипни содржини и содржини кои се сексистички и навредливи за жените и девојчињата, за да можат да бидат земени предвид при планирањето на наставните содржини и плановите во 2020 година
4. Да се достави до Интер ресорската група предлог Концепцијата за наставните планови која се подготвува во моментот од страна на БРО и истата да биде искоментирана од членовите на ИРГ од аспект на


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

воведување на процедури со кои ќе се осигура дека во иднина учениците нема да содржат родови стереотипи и дискриминација.

5. Да се достави предлог текстот на Законот за учебници кој го подготвува Педагошката служба на коментари до ИРГ
6. МТСП односно министерот согласно Законот за детска заштита носи Решение за одобрување и употреба на прирачниците и детските списанија во установите за детска заштита, по претходно мислење на Педагошката служба. Покрај мислењето од Педагошката служба да се воспостави интерна процедура во МТСП да бидат разгледувани и од СЕМ од аспект на родовата еднаквост и недискриминацијата, со цел навремено да се реагира на содржини во кои има родови стереотипи и се дискриминирачки.
7. Да се вклучи лице од СЕМ во работната група што ја формира Педагошката служба за давање на мислење по учебниците од аспект на родова еднаквост и недискриминација
8. МОН ќе ја испита можноста за доставување на допис или сличен документ кој ќе содржи инстукции за начинот на кој треба да се обработуваат содржините во кои има родови стереотипи, со цел истите критички да се претставаат и да поттикнат дискусија за родовата еднаквост. МОН дополнително ќе ја информира ИРГ. Дописот е времена мерка додека не се повлечат спорните учебници.

Заклучоците од одржаната седница се доставени до : Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието и Педагошка служба.

На 07.10.2019 Интер ресорска група ја одржа **дванаестата** седница ( електронски). Интер ресорската група за еднакви можности на жените и мажите испрати соопштение до Медиуми, Јавно обвинителство на Република Северна Македонија и Министерство за внатрешни работи со кое остро реагираше на сексизмот и говорот на омраза кон жените од јавниот и политичкиот живот, со кој се исмејуваат, навредуваат, омаловажуваат и деградираат жените, притоа алудирајќи на сексуалноста и прикажувајќи ги како објект на задоволување на сексуалните потреби на мажите. Преку ова соопштение членовите на ИРГ повикаа сите заедно да покажеме силна определба и зрелост во справувањето со сексизмот и неговите манифестации и облици во јавната и приватната сфера и унапредувањето на родовате еднаквост.


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за труд**
**и социјална политика**

На тринаестата седница ( електронски) ИРГ одржана на 11.11.2019 година членовите ги донесе следниве заклучоци како реакција на нападите на пратеничките Даниела Рангелова и Нола Исмајловска:

- Обвинителство проактивно и по допрен глас да реагира на сексизмот и говорот на омраза;
- Министерство за внатрешни работи да спроведува ефикасни истраги за електронски криминал;
- Да се зајакнат капацитетте на Министерство за внатрешни работи и Обвинителството за да препознаваат и да прогонуваат говор на омраза (знаење и технички капацитети);
- Изработка на јасни упатства/протоколи/ насоки за постапување за случаи на говор на омраза и систем за прибирање на податоци;
- Измени на законите за медиуми преку поширока дебата со цел вклучување и на порталите во регулација бидејќи говорот на омраза тука најмногу се случува;
- Интерни политики и развој на капацитетите на политичките партии со цел превенција од говор на омраза и градење на внатрешни механизми за справување со говор на омраза;
- Итна ревизија на сите учебници од секој степен на образование, заради вметнување на позитивни содржини со соодветна репрезентација на жените, родово и сексуални различните и етничките малцинства, луѓето со попречност и другите групи.

Заклучоците од одржаната седница се доставени до: Медиуми, Јавно обвинителство на Република Северна Македонија, Министерство за внатрешни работи, Министерство за образование и наука Министерство за информатичко општество и администрација и Агенција за Аудио и аудиовизуелни медиуми.

Координатор на ИРГ
Јована Тренчевска

Подготвил: Габриела Мацоска


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk